# ВАЖНИИНФОРМАЦИИ ЗА 51ви Октомвриски средби

- **Организатор-СЗМЛСТРМ**
- **51-виОктомвриски средби**
- **ХотелДесарет Охрид**

**Ве покануваме на 51ви Октомвриски средби на медицински лаборанти и санитарни техничари на Република Македонија со меѓународно учество, во реновираниот и реорганизиран хотел Десарет.Реновираниот хотел, сега им нуди на своите гости сѐ што ќе им го направи престојот удобен, интересен и пријатен.**

**Хотел Десарет се простира на самиот брег на Охридското езеро, опкружено со зелена шума од националниот парк Галичицаво близина на туристичката област Пештани оддалечен 12 км од Охрид. Изграден е во традиционална Охридска архитектура од 19-тиот век,**

**Хотел Десарет располага со ресторан, бесплатен сопствен паркинг, сезонски отворен базен и бар. Хотелот има поглед на езерото, а гостите можат да уживаат во градината и прекрасната тераса која има поглед на езерото,**

**Ви посакувам топло добредојде и пријатен престој на овој настан, кој ќе ви понуди различни теми, тековни пленарни предавања, усни и постер презентации, како и интересна социјална програма во убав амбиент на хотелот.**

***Со почит,***

***ГоранЃорѓиевски***
***ПретседателнаСЗМЛСТРМ***

**Тематски области:**

- Клиничка биохемија
- Микробиологија
- Хематологија,
- Трансфузиологија
- Патологија,
- Физиологија,
- Хисттологија
- Ендокринологија,
- Патофизиологија
- Имунологија,
- Генетика и молекуларна дијагностика
- Епидемиологија
- Здравствена екологија со хигиена
- Токсикологија,
- Фармакологија
- Акредитација на медицински лаборатории и лаб. информативен систем (LIS)

**Повик за испраќање на трудови**

**Ве покануваме за активно учество на 51ви Октомвриски средби2024 и да ги пријавите вашите трудови за орална или постер презентација.**

**ПРИЈАВА НА НАСЛОВ НАЈДОЦНА ДО31тиЈУЛИ**

**НАСЛОВОТ ТРЕБА ДА БИДЕ СО ГОЛЕМИ БУКВИ,**со назнака за начин на презентација, **усна** или **постер** презентација.

Прво да се наведе **ИМЕТО** и **ПРЕЗИМЕТО** на авторот, **БЕЗ ТИТУЛИ**. Во случај на група автори, презентерот на трудот да биде повлечен.После тоа, да се наведени институцијата, градот и државата.

Секој учесник може да е автор на **еден труд**, а бројот на коавтори да не е повеќе од четири лица.

Пријавувањето се врши електронски на e-mail: **szmlstmk@gmail.com**

Секој автор ќе биде **известен по e-mail** за прифатеноста на насловот **најдоцна до 15.08. 2024 г.**

**ПРИЈАВА НА КРАТКО РЕЗИМЕДО05ти СЕПТЕМВРИ**

## Инструкции за кратко резиме

- Резимето да се подготви во електронска форма со фонт **Times New Roman** со максимална големина на фонтот од 12, со единечен **(Single)** проред, обострано порамнување на текст **(Justified)** во **А4 формат,** да не содржи повеќе од **400 зборови** (не сметајќи го насловот, името на авторот и името на институцијата),
- Напишете го целиот наслов со големи и задебелени **(bold)** букви, без кратенки;
- Напишете го името и презимето на авторот кој ќе го презентира трудот, без образовни и насловни титули, називот на установата која ја претставувате, градот и државата. Во случај на група автори, презентерот на трудот да биде повлечен

- Резимето треба да се достави како краток пасус што ја одразува содржината на трудоти да ги содржи следните поднаслови:**ЦЕЛ, МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОД, РЕЗУЛТАТИ И ЗАКЛУЧОЦИ.**

**а) Резимеата за трудовите за истражување треба да се состојат од цел, методи, резултати и заклучоци**

**б) Резимеата за извештаи за случаи треба да се состојат од вовед, случај(и) и дискусија**

**в) Резимеата за научни прегледи треба да се доставaт како краток пасус што ја одразува содржината на трудот**

**Пријавата на насловот и резимето треба да бидат на МАКЕДОНСКИ или АНГЛИСКИ јазик.**

***Неправилно припремена пријава нема да биде прифатена и нема да се разгледа од стручната комисија!***

*Ве очекуваме и се надеваме на ваше активно учество на51ви Октомвриски средби 2024 со меѓународно учество.*

**Организационен одбор на**
**СЗМЛСТРМ**

**ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА 51ви ОКТОМВРИСКИ СРЕДБИ 2024**

**Резервации за сместувањето:**
Резервации се вршат на емаил: **rezervacii_szmlstrm@yahoo.com**

***За информации за уплати за сместување ве молиме обратете се на рецепција на хотел Десарет***tel. ++389 46 207 700

**ЦЕНА ПО ЛИЦЕ ВО ЕДНОКРЕВЕТНА СОБА ПОЛН ПАНСИОН НА ДЕН 3.640 ден. /60EURИЛИ ТРИДНЕВЕН ПОЛН ПАНСИОН ПО ЛИЦЕ 10.920 ден. /180EURсо вклучени ДДВ и туристичката такса.**

**ЦЕНА ПО ЛИЦЕ ВО ДВОКРЕВЕТНА И ТРОКРЕВЕТНА СОБА ПОЛН ПАНСИОН НА ДЕН2.800 ден. /46EURИЛИ ТРИДНЕВЕН ПОЛН ПАНСИОН ПО ЛИЦЕ 8.400 ден. /138EURсовклучени ДДВ и туристичката такса.**

**НАПОМЕНА: Странските учесници доколку плаќаат во готово треба да биде со македонска валута.**

**НАПОМЕНА: Сместувањето во собите при доаѓање е после 14 часот, напуштање и одјавување е најдоцна 12.00ч.**

**За сите колеги кои нема да користат пансионско сместување свечена вечера 700 ден.**

**Котизацијата е ЗАДОЛЖИТЕЛНА за сите у чесници:**

- За членови на СЗМЛСТРМ 1500ден.
- За останати домашни учесници 2500ден
- За членови на Асоциациите АЛТТС,ALISZPuBIH со кои СЗМЛСТРМ има потпишано меморандум за соработка 50 EUR
- За останати странски учесници 100 EUR

**Котизацијата за денарска уплата** е на жиро сметка: 200000014874360Примач: СЗМЛСТРМ, Депонент Стопанска Банка Скопје,Адреса на банката 11Октомври 7 1000 Скопје
**Котизација за девизна уплата** е на жиро сметка: MK07200000764916190, Примач СЗМЛСТРМ,Депонент Стопанска Банка Скопје, Адреса на банката 11 Октомври 7 1000 Скопје,SWIFT STOBMK 2X
**НАПОМЕНА**:Котизацијата членовите на АЛТТС,ALISZP BIH и други странски учесници може директно да ја улатат на пултот за регистрација кај одговорно лице на СЗМЛСТРМ.

**Во цел на дознакатаЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ НАПИШЕ ЦЕЛОСНО ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА УЧЕСНИКОТ/УЧЕСНИЦИТЕза кој е котизацијата.*Сертификат за учество ќе се печати според напишаното име и презиме на учесникот, а не според името кој ја врши уплатата!!!***
**Уплата се врши најдоцна 24часа пред регистрација.**

**Организационен одбор на**
**СЗМЛСТРМ**

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА МЕДИЦИНСКИ ЛАБОРАНТИ И САНИТАРНИ ТЕХНИЧАРИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

**szmlstmk@gmail.com**